**ДОГОВОР**
**За изработка на техничка документација за локален пат с.Зрновци Ђ М.В„Под Лески„ Општина Зрновци**
**Склучен на ден 07.06. 2017 година**

## И. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.ОПШТИНА ЗРНОВЦИ-** со седиште на ул „Илинденска„ бб 2305 Зрновци претставувана од градоначалникот на Општина Зрновци Блаже Станков ( во понатамошниот текст: Нарачател) од една страна и

**2.ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ Кочани-** со седиште на ул„Иво Лола Рибар„бр.18 Кочани, застапувана од управителот Снежана Данилова од Кочани (во понатамошниот текст :Проектант)

## ИИ. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Согласно проектната задача Предмет на овој договор е изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат с.Зрновци-М.В„Под Лески„ Општина Зрновци врз основа на спроведена постапка по Оглас број 004/2017 објавен на Веб страната на Бирото за јавни набавки на ден 26.04.2017 година . Составен дел на договорот е Извештајот за текот на е- Аукцијата за набавка на изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат с.Зрновци-М.В„Под Лески„ Општина Зрновци

## ИИИ. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единечна цена на набавката Ђ предмет на овој договор е утврдена во Извештајот за текот на аукцијата во износ од 69.000,00 денари без пресметан ДДВ .

## ИВ.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Проектантот е должен да ја изврши услугата предмет на овој договор и до Нарачателот да го испорача предвидениот број на примероци најдоцна во рок од 30 календарски дена сметано од денот на склучувањето на договорот за јавни набавки .

## В. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ

Член 4

Нарачателот има право да го раскине договорот ако работите се извршуваат спротивно на: деталните технички напаствија и прописи и ако работите не се извршуваат согласно стандардите за проектирање и изработка на проекти .

Додека пак во случај на доцнење на предметната набавка од страна на носителот на набавката , Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна Ђпенали во висина од 0,1% дневно од вредноста на договорот

Во случај на примена на ставот 2 од овој член носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Нарачателотот .

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 5

По завршување на целокупната работа , Нарачателот е должен да го прими Основен проект со ревизија за локален пат с.Зрновци-М.В„Под Лески„ Општина Зрновци.

Член 6

Плаќањето ке се врши вирмански по доставена фактура , откако средствата ке бидат преведени на Општина Зрновци од Министерството за локална самоуправа ЂБиро за регионален развој .

**ВИ.КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА КОНТРОЛА**

Член 7

Квалитативен и квантитативна контрола на проектот ќе се изврши со самата ревизија .

Член 8

Нарачателот е должен доколку открие материјални недостатоци на проектот веднаш или најдоцна во рок од 8(осум) дена да го извести носителот на набавката . Во спротивно проектантот нема да одговара на недостатоците .

**ВИИ.ОБВРСКИ НА ПРОЕКТАНТОТ**

Член 9

Проектантот е должен да ги изврши сите работи во договорениот рок према техничките правила и прописи за изготвување на техничка документација .

Член 10

Проектантот гарантира за солидарноста и квалитетот на проектот.

Проектантот е должен сите недостатоци кои настанале или би се појавиле да ги отклони на свој трошок , без право на посебна надокнада и да ги изврши на писмено барање од Нарачателот .

**ВИИИ.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 11

Договорот е склучен помеѓу Нарачателот и Проектантот согласно одредбите од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 136/08).

Член 12

За се што не е предвидено во овој договор важи законот за изградба на инвестициони објекти , а во случај на спор надлежен е Основниот суд во Кочани .

Член 13

Овој Договор е составен во 6(шест) еднакви примероци од кои по 3 на двете договорени страни .

| **НАРАЧАТЕЛ** | **ПРОЕКТАНТ** |
|---|---|
| _______________ | _______________ |
| Градоначалник<br>Блаже Станков | ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ<br>Снежана Данилова |

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)